РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-488 15
04-08-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата , на 50-тата седница одржана на ден 22.07.2021 година донесе

## Одлука

**СЕ ЗАПИРА** постапката за утврдување судир на интереси против лицето ------- --------- –советник во Совет на општина ------- и член на на Училишен одбор во ООУ „----- -------" -----------.

Државната комисија нема елементи за понатамошно постапување поради надминување на состојбата на судир на интереси и постапување на лицето по барање на Државната комисија.

Одлуката да се достави до --------- ----------.

Предметот со број 09-4314/1 од 17.12.2020 година да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-4314/1 од 17.12.2020 година оформен е врз основа на добиена претставка од познат подносител со наводи дека лицето --------- -----------, член на Совет на Општина ---------- истовремено е и член на Училишен одбор во ООУ „---- --------" ------- спротивно на одредбите од член 44 став 4 за **неспојливост** на функцијата член на совет и други функции кои ги избира или именува локалната самоуправа.

Со цел утврдување на фактичката состојба и потврдување на точноста на наводите, Државната комисија се обрати до Општина ------- со барање за прибирање податоци и докази за именување на лицето ------ ------- за член на Училишен одбор во ООУ „---- ------" ----------.

Во законски утврдениот рок, општина ------- до Државната комисија достави одговор и во прилог достави Одлука за разрешување и именување на членови на училишниот одбор на ООУ „---- ------" ------- од 23.03.2018 година, од која е видно дека на Седница на Советот на општина -------- одржана на ден 15.03.2018 година **донесена е одлуката -------- --------- да биде член на Училишен одбор во ООУ „----- ------" ---------.**

Со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите е утврдено:

**Член 44**

(1) *Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите.*

(4) *Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.*

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на својата

46-та седница донесе одлука и утврди дека во конкретниот случај **се потврдуваат наводите во Претставката против -------- ----------**, односно **се потврдува состојба на судир на интереси** и од неа побара во рок од 15 дена од доставувањето на одлуката да го отстрани судирот на интересите, на начин што ќе се откаже од една од двете функции кои ги врши и за истото ќе ја извести Државната комисија со приложување на доказ за постапувањето.

Во законски предвидениот рок, лицето ------ ------- ја извести Државната комисија дека се откажала од извршувањето на функцијата член на училишен одбор во ООУ „---- -------" ------- и во прилог ја достави Изјавата поднесена до Претседателот на Советот на општина ------- со која бара нејзино повлекување.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на својата 50та седница заклучи дека постапувањето по предметот со број 09-4314/1 од 17.12.2020 година се запира затоа што --------- --------- постапила согласно укажувањето и во законски предвидениот рок го отстранила судирот на интересите, со што се постигнал ефектот од постапувањето на Државната комисија.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: К.Н., член на ДКСК